Правилник за Рели Калин Камен 2013

1. Општи правила

1.1. Организација

5-то Рели Калин Камен представува ОФФ РОУД – туристичко возење со теренски возила 4х4, совладување на препреки низ тешко проодни терени низ Осоговието, организирано од страна на Авто Мото Клубот ОФФ-РОУД ОСОГОВО од Крива Паланка и Општина Крива Паланка.

Релито ќе се одржи на 24 Мај и ќе се вози во должина од 64 км, претежно црн пат (80% од патеката) и на висинска разлика од 1500 м. Ќе имаме средба со соседните општини на Царев Врв 2085 м. од каде ќе ни се придружат до манастирот Свети Јоаким Осоговски.

Сите потребни информации, упатства, агенда, правилник и се останато што е потребно за оваа манифестација ги овозможува АМК ОФФ – РОУД ОСОГОВО Крива Паланка.

Организаторот го задржува правото за измени на агендата, како и правилникот доколку се случат неочекувани збиднувања, но се обврзува на време да ги извести учесниците.

1.2. Учесници

На 5-то Рели Калин Камен 2013 може да учествува секој кој е заинтересиран и има теренско возило (4х4), АТВ или крос мотор за офф-роуд терен.

Секое возило мора да има минимум два члена (екипа), а максимум четири, возач и три совозачи. Возачот и еден од совозачите мора да поседуваат возачка дозвола (важечка).

Пред почетокот – стартот екипата мора да го пополни пријавниот лист, изјавата и да ја плати котизацијата која ја одредува организаторот.

1.3. Котизација

Котизацијата се плаќа по возило на жиро сметка, уплатниците се прикажуваат на посебно место одредено кај самиот старт. На истото место ќе биде и потпишувањето на пријавата и изјавата кои што се веќе пополнети од учесниците.

Котизацијата изнесува 600 денари и содржи храна и пијалоци за учесниците, како и одреден пропаганден материјал.

2. Услови за учество

Сите возила мора да бидат регистрирани за возење. Покрај возачот и совозачот кои се задолжителни може да има и уште учесници, онолку за колку е возилото регистрирано (сообраќајна дозвола). Забрането е употреба на аграрни возила и опрема (трактори, тракторски гуми, гусеници, моторни пили..).

На СТАРТОТ секое возило мора да има залепено стартен број од двете страни на возилото, на предните врати, на видливо место.

2.1. Минимална НЕОПХОДНА опрема за учество:

- појас
- прва помош
- сајла за шлепање
- преден винч
- заштитан трака за дрво
- противпожарен апарат

2.2. Препорачана опрема:

- средства за комуникација (радио станици, моб.телефони)
- заштитни ракавици
- вода за пиење
- основен алат
- гумени чизми

3. Генерални правила за време на возењето

3.1. Сигурност на учесниците

Во текот на возењето возачот и совозачот се должни да ги користат сигурносните појаси.

За време на возењето се забранува употреба на алкохол.

Се забранува претекнување за време на возењето, непочитувањето ќе се казнува со неучество на посадата во наредните возења.

3.2. Заштита на животната средина

Забрането е фрлање на ѓубре по патеката или на било кое место кое не е предвидено за тоа.

Секое влечење за дрво, а без заштитна трака ќе се казнува со казнени поени.

Сите екипи мора да водат сметка за приватна своина. Доколку не се наоѓаат на правиот пат, а наидат на приватна земја (ливади, засејани површини..), НЕ СМЕАТ да се движат по истите.Во спротивно ќе ги сносат сите трошоци доколку дојде до тужба.

3.3. Државни правила

Поради тоа што дел од патеката води низ населени места и јавни патишта, се обврзуваат сите учесници да се однесуваат во согласност со постоечките сообраќајни прописи.

3.4. Спортско однесување

Секоја екипа која од одредени причини заостанува зад другите или е во квар должна е да го пропушти возилото кое се движи зад нив доколку тоа го дозволува теренот. Дозволена е помош на другите екипи, доколку сте во можност или ако тоа сакате да го направите.

Во случај на незгода, посебно ако има повредени, сите учесници се должни да помогнат и што побргу да ги известат организаторите.

Организаторот се обврзува дека сите возила кои останат на терен од одредени причини ќе ги извлече до крајот на рутата.

4. Возење

4.1. Објаснување

5-то Рели Калин Камен 2013 е офф роуд – туристичко возење по шумски патеки (црн пат) на кои се наоѓаат природни препреки: снег, кал, големи успони, зелена трева, камења, вода и друго на кое учествуваат теренски возила (џипови 4x4), АТВ и крос мотори. Се вози по непристапни терени на Осоговските Планини во околината на Крива Паланка.

4.2. Начин на возењето

Се вози со стартни броеви, така што не смее да се претекнува во текот на возењето и треба да се запази редоследот на стартните броеви.

4.3. Цел на возењето

Целта на ова Офф – Роуд возење под името „Рели Калин Камен 2013“ е запознавање на убавините на Осоговските Планини, културно-историски споменици, дружење со други поддржувачи на овој екстремен спорт, соработка со други Авто Мото Клубови од земјава и странство, како и развој на алтернативните спортови и алтернативниот туризам.

4.4. Историјат

За прв пат ова Рели Калин Камен е одржано на 24.05.2009 година и ќе се одржува секоја наредна година. Со наш труд, а и помош од ваша страна како учесници и идни членови на клубот би сакале оваа манифестација да ја збогатиме со поголема програма, да внесеме натпреварувачки карактер, како би го продолжиле дружењето на два до три дена.

СО ПОЧИТ КОН СИТЕ УЧЕСНИЦИ !

АМК ОФФ-РОУД ОСОГОВО Крива Паланка

За сите информации: http://offroadosogovo.org

Контакт телефони: 071/206-209, 075/207-107